| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зеленчукот во пролет |
| **Содржина на денот** | Ран зеленчук |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за значењето на зеленчукот, колку е важно секојдневно да се конзумира, но претходно добро да се измие со вода. |
| **Активности** | Активноста може да започне со разговор преку слика на ран зеленчук или набљудување на свеж ран зеленчук (зелена салата, ротквица, морков, лук и кромид). Детето преку директно набљудување или по слика ги именува и опишува зеленчуковите плодови (форма, боја, големина, мирис и вкус) и на тој начин ќе се воведе во темата на активноста.<br>Потоа, возрасниот на детето му го чита текстот со содржина на зеленчукова градина и ран зеленчук на тема: „Лукчо“.<br>Детето го слуша текстот во кој ќе открива важни информации со кои ќе ги прошири своите знаења за растенијата и појавите во природата и се води разговор за содржината на текстот и му се објаснуваат непознатите зборови.<br>Преку кратки прашања поставени од возрасниот и одговори на детето се обработува текстот, а детето по желба може со свои зборови да ја прераскаже содржината на текстот.<br>Доколку детето има желба и интерес може да му предложите да направите заедно зеленчукова салата во која подоцна ќе ужива и ќе ги открива вкусовите на зеленчукот. Додека ја подготвувате салатата може да ја слушате песната „Зеленчукова градина“ – Поточиња 2015 год.<br><br>-Во прилог линк од песната: „Зеленчукова градина“ – Поточиња 2015год.<br>https://www.youtube.com/watch?v=wlNQxFx288U |